АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15-04. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2386 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по претставка од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (наш бр. 03-1591/1 од 22 март 2016 година);

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 3 март 2016 година, Вестите емитувани во 17:30 часот;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 април 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги -** објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања (алинеја 9).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Врз основа на претставка од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (наш бр. 03-1591/1 од 22 март 2016 година) беше направена анализа на Вестите емитувани на 3 март 2016 година во 17:30 часот на телевизискиот сервис на државно ниво што емитува програма преку оператор на дигитален терестријален мултиплекс на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје. Поплаката конкретно се однесува на тоа дека радиодифузерот "...*информирал за активностите на Владата на РМ во вкупно времетраење од 05,50 минути. При тоа тонот на известувањето бил позитивен. Во исто време за активностите на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, известувал со вкупно времетраење од 01,01 минути, со позитивен тон во известувањето. За активностите на СДСМ овој радиодифузер тој ден посветил вкупно 01,25 минути, со негативен тон на известувањето. Во исто време за активностите на СЈО овој медиум посветил 01,29 минути со негативен тон на известувањето и коментар за наводна поврзаност и координираност на СЈО со лидерот на СДСМ господинот Заев и главниот и одговорен уредник на Слободен печат, господинот Бранко Геровски.*" Притоа, Социјалдемократскиот сојуз на Македонија смета дека се крши членот 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - поконкретно начелото од алинеја 9 за објективно

и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања.

***

Со направената анализа беше констатирано дека е точно тврдењето оти во Вестите емитувани на 03.03.2016 година во 17:30 часот, ТВ Алфа информира повеќе за активностите на Владата на РМ и за активностите на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски - во позитивен контекст, додека помалку за активностите на СДСМ и на претседателот на оваа партија Зоран Заев - во негативен контекст. Имено, во изданието на овие Вести регистрирани се следниве прилози:

(17:31:48 – 17:34:05) *„Голема капитална инвестиција во македонското здравство – Штип ќе добие најсовремена клиничка болница“*. Прилог за проект на Владата на РМ за градење клинички центар во Штип. Жанровски, станува збор за извештај со позитивен тон и рамка за Владата на РМ и партијата ВМРО ДПМНЕ, кој содржи директни обраќања на Никола Груевски, претседател на ВМРО – ДПМНЕ (17:32:34 – 17:32:56), на премиерот Емил Димитриев (17:32:56 – 17:33:10) и на министерот за здравство Никола Тодоров (17:33:35 – 17:33:46).

(17:34:05 – 17:35:41) *„Груевски: активно се гради автопатот Скопје – Штип, 93 отсто од трасата е пробиена“* – Афирмативен прилог организиран околу изјава (директно обраќање) на Никола Груевски (17:34:44 - 17:35:41).

(17:35:41 – 17:38:10) *„Почна проектот за бесплатна бањска рекреација на 5500 пензионери“*. По жанр – извештај, прилогот има афирмативен тон и рамка за политиките на Владата на РМ за бањско лекување на пензионерите со директно обраќање на заменик - министерот за труд и социјална политика Диме Спасов (17:37:39 - 17:37:48).

За определувањето на тонот и рамката на овие три прилози, важно е да се има предвид дека во Насоките за медиумска анализа во текот на мисиите за набљудување на изборите изработени во 2009 година од страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР), Директоратот за човекови права и Комисијата за демократија преку правото (Венецијанска комисија) на Советот на Европа и Европската комисија, јасно се посочува оти контекстот на известувањето за активностите на власта најчесто е позитивен поради самиот карактер на настаните за кои се известува[1]. На ова се надоврзуваат и новинарските ставови како *„голема капитална инвестиција“* во здравството, болницата *„со опремата, кадарот и условите ќе ги помести досегашните стандарди“*, *„една од најголемите капитални инвестиции во историјата на македонскиот здравствен систем“*; за патот Скопје – Штип говори претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, но не премиерот Емил Димитриев или лице од јавната установа/претпријатие надлежно за изградба на патишта; а *„континуираното зголемување на пензиите, подобрување на животниот стандард, бесплатниот превоз во јавниот сообраќај, како и проектот бесплатна бањска климатска рекреација ја подобрува живејачката на пензионерите, но и нивната виталност и социјализација“*.

(17:45:35 – 17:47:51) *„По втор пат е одложено рочиштето за поткуп на Зоран Заев“*, коментаторски извештај за одлагањето на судењето на Зоран Заев со негативен тон - рочиштето се одлага вторпат, а прилогот почнува со оценката *„никако да стартува судскиот процес“*, се информира дека Заев дошол во Судот без адвокатите *„ама... само со телохранителот“*, се прави корелација со рочиштата за „Пуч“ со тоа што се наведува дека тие седумпати биле одлагани пред случајот да го

[1] Guidelines on Media Analysis During Election Observation Missions (2009) by the OSCE Office for Democratic Institutions and Human Rights (OSCE/ODIHR) and the Venice Commission, стр. 14, достапно на: https://www.google.com/url?sa=t&rct=j&q=&esrc=s&source=web&cd=3&ved=0ahUKEwjryqamvtHJAhVEBSwKHe4kAHcQFggsMAI&url=http%3A%2F%2Fapt.sze.hu%2Fdownloadmanager%2Fdownload%2Fnohtml%2F1%2Fid%2F18970%2Fm%2F1631&usg=AFQjCNFjaEVu0lQJ1wO1WlrE0jEM6tiyxg&cad=rja

преземе специјалната јавна обвинителка Катица Јанева, која сега е таа што го одложува. Во извештајот има две директни обраќања на Зоран Заев (17:46:30 – 17:46:41 и 17:46:46 – 17:47:10).

(17:47:51 – 17:49:21) Прилог, дел од вест во низа, на тема дали специјалната јавна обвинителка Катица Јанева се обидела да закупи државно земјиште. Конкретниот прилог е организиран околу одговорот на Јанева по прашање поставено од ТВ Алфа за тоа дали е регистриран земјоделец. Насловен „*Јанева не е во можност да одговори дали е регистриран земјоделец*", прилогот има негативна рамка бидејќи сугерира дека обвинителката се однесувала спротивно на законите.

(17:49:21 – 17:50:22) „*Обвинителство: Сите материјали и документи за „Пуч" се доставени*" Прилог со неутрален тон, соопштение за јавност на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција во врска со барањето од Специјалното јавно обвинителство за доставување материјали за предметот „Пуч", односно за причините за појавената разлика во бројноста на материјалите.

(17:50:22 – 17:51:52) „*Медиумите на СДСМ ја најавија политичката агенда на Јанева*" - коментар со негативен тон и рамка за специјалната јавна обвинителка Катица Јанева, Бранко Геровски и Зоран Заев. Се вели „*А, СДСМ почна и преку медиумите јавно да ги презентира политичките нарачки на опозицискиот лидер Заев до специјалната обвинителка Јанева*". Во прилогот се тврди дека Бранко Геровски, преку весникот „Слободен печат" јавно ги презентирал „нарачките" од Зоран Заев, претседателот на СДСМ, кои „*по партиска линија мора да ги реализира Јанева*".

Согласно начелото за самостојност и одговорност во уредувачкиот пристап (член 61 став 1 алинеја 13 во ЗААВМУ), радиодифузерите самите одлучуваат кои информации ќе ги емитуваат во своите дневно - информативни програми и на каков начин (во смисла на жанрот, аудиовизуелната обработка итн.). Притоа, тие треба да водат сметка и за потребата доследно да ги почитуваат програмски начела, односно професионални стандардни и принципи и да обезбедат објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различни гледишта и мислења.

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го поставува барањето за еднаков третман на различни гледишта и мислења, но не дава параметри за тоа како тој да се обезбеди и да се мери. Ова прашање, во форма на принципи за обезбедување избалансирано известување, е обработено во Изборниот законик, каде член 75-а определува дека, во зависност од изборниот процес, постојат два принципи - пропорционалност и еднаквост. Сепак, и за време на изборна кампања, заклучоците за балансот во известувањето (т.е. плурализмот на гледишта и ставови) не се извлекуваат врз основа на едно издание на дневно – информативна програма, ниту на дневна основа. Како што е прецизирано во Објаснувачкиот меморандум на Препораката Р (2007) 15 на Советот на Европа, за мерките поврзани со медиумското покривање на изборните кампањи „...овој принцип треба да се мери во однос на целиот програмски сервис на радиодифузерот, во текот на определен временски период, а не во секоја одделна емисија. Радиодифузерите треба да обезбедат избалансираност и да ги претставуваат различните политички гледишта во текот на целиот период на кампањата." Ваквата определба е една од основите на операционализацијата на одредбите од Изборниот законик во Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси на Агенцијата. Во неа детално се обработени овие прашања при што е прецизирано и дека освен времето за активностите од кампањите на учесниците во изборите, во периодот на изборната кампања се мери и вкупното време што медиумите го издвојуваат за прилозите посветени на активности на власта, за да се добие целосна слика за тоа во колкав обем е таа присутна во дневно-информативните емисии. Како квалитативни параметри, се следи и: колкав дел од прилозите се сочинети од директно обраќање (тонски изјави) на политичарите, какви се тонот и врамувањето (кои се главните показатели за тоа дали известувањето во некој прилог е во функција на изборна кампања). Овие наоди влегуваат во вкупната оценка за балансот во дневно – информативните емисии за секој од радиодифузерите поединечно, врз основа на која се преземаат мерки против оние радиодифузери кои не известувале балансирано.

Што се однесува до ситуациите во кои медиумите објавуваат информации од типот на правењето алузија за координирано однесување на СЈО, господинот Заев и господинот Геровски, на засегнатите субјекти на располагање им стои можноста од Законот за медиуми за право на одговор и исправка (вклучувајќи и право на тужба доколку медиумот не ја исполни обврската), како и можноста за постапка според Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

## 8. Предлог:

Директорот на Агенцијата, согласно Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) (бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година) писмено да го извести Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје за претставката и за наодите од надзорот и да му укаже на фактот дека треба сериозно и доследно да го почитува начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања од член 61 став 1 алинеја 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за програмски работи***